# 324. ОД УМОТ СЕ ПОДИЗГУБИВ




Од умот се подизгубив,
за едно лично девојче,
пет години го милував,
па се страшев,
па се страшев да и речам.

Син ми ќерко те милувал,
па се страмел да ти речи,
син ми ќерко те милувал,
па се страмел,
па се страмел да ти речи.

Оди мајко проговори,
скришем, скришем да и речиш,
оди мајко проговори,
скришен, скришен, скришен,
скришен да и речиш.

Кога син ти ме милувал,
заш' не кажал од порано,
кога син ти ме милувал,
заш' не кажал,
заш' не кажал од порано.

Збогум синко мили синко,
јас ќе одам да и речеам,
добро утро мила ќерко,
дал бог добро,
дал бог добро стара мајко.

Сега си сум посвршено,
за едно лично ергенче,
сега си сум посвршено,
за едно лично,
за едно лично Охриѓанче.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995